СИНДИКАТ НА АДМИНИСТРАЦИЈА, ДРЖАВНАТА УПРАВА
И ПРАВОСУДСТВО НА МАКЕДОНИЈА
Синдикална организација
САДУ при ДТИРЗ

Бр. 0302-54/1 07.10 2026 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zonat zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 03-603/13
07.10.2026 год./Viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/2019, 14/2020, 208/24), член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019,14/2020, 215/21, 99/22 и 208/24), Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“, број 144/25, 252/2025 и 266/2025), член 203 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/2010, 16/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 158/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 52/2012, 13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 34/2014, 106/2014, 113/2014, 145/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 167/2015, 27/2016, 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/2019, 267/19, 151/21, 288/21,111/23, 39/25, 74/2025, 124/2025) и Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23, 59/25, 154/25 и 132/26), а врска со член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 154 од 20.07.2023 година), член 4 став (3) од Гранскиот Колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 51/20 и 172/21), член 39 и член 30 од Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.03-603/1 од 27.03.2026 година, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони претставувана од Директор Гоце Димовски и Синдикатот на администрација и државната управа на Македонија склучија:

КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР

за изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.03-603/1 од 27.03.2026 година

СИНДИКАТ НА АДМИНИСТРАЦИЈА, ДРЖАВНА УПРАВА И ПРАВОСУДСТВО НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0101-376/2
07.10 2026 год.
СКОПЈЕ

Член 1

Во Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.03-603/1 од 27.03.2026 година, член 2 се менува и гласи:

“(1) Работодавач во смисла на овој договор е Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: „Дирекцијата”) претставувана од Директорот на Дирекцијата.

(2) Вработени во смисла на овој договор се вработените од член 1 на овој договор кои можат да бидат:

1) административни службеници

2) вработените лица во Дирекцијата кои вршат должности и овластувања од специфична природа на работните задачи поврзани со раководење, стопанисување и одржување на технолошко индустриските развојни зони, како и вработените лица кои вршат помошни и технички работи кои не се административни службеници (во понатамошниот текст ќе се нарекуваат работници).

(3) Синдикатот на администрацијата и државната управа на Македонија (во понатамошниот текст: „САДУ"), во смисла на овој договор е репрезентативен на ниво на работодавач, во кој се зачленети најмалку 20% од вработените кај работодавачот и кои плаќаат синдикална членарина.

(4) Синдикалната организација во смисла на овој договор е синдикалната организација при Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони на Република Северна Македонија, која е членка на САДУ (во натамошниот текст: „Синдикат")."

Член 2

Член 6 се менува и гласи:

" (1) Полното работно време на вработените во Дирекцијата изнесува 40 часа неделно.

(2) Работната недела трае 5 (пет) работни дена.

(3) Работното време на вработените е флексибилно и започнува во 07.30 - 08.30 часот, завршува во 15.30 – 16.30 часот.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, работното време на вработените во Дирекцијата кои работат во технолошко индустриските развојни зони во Република Северна Македонија за постапки за влез и излез на стоки во и од зоните и водење евиденција на возила при влез и излез, се организира во смени секој ден од понеделник до недела од 00.00-24.00 часот.

(5) Работа во смени 12/24, 12/48 и 8 часовно работно време во смени, значи секој метод на организирање на работата во која вработените се менуваат едно по друго на исто работно место во согласност со одреден распоред на работното време изготвен од раководното лице на организационата единица, а согласно потребите на работниот процес.

(6) По исклучок на ставот (1) на овој член работното време кое е пократко од 40 часа неделно за вработените кои работат во технолошко индустриските развојни зони, меѓутоа не помалку од 36 часа неделно, ќе се смета како полно работно време.

Член 3

Во член 8 по ставот (5), се додаваат 4 нови става (6), (7), (8), (9) кои гласат:

" (6) Вработениот во текот на еден месец може да се јави на работното место со задоцнување од најмногу 4 часа кумулативно, без да биде санкциониран од работодавачот, при што има обврска времето на задоцнување да го надополни надвор од работното време, кое нема да се смета за работа подолго од работното време.

(7) Вработениот во текот на еден месец, има право на 5 (пет) часа приватно отсуство од работа, по претходно одобрение од непосредниот раководител.

(8) Во случај на надминување на максимумот од ставовите (6) и (7) од овој член, непосредниот раководител ја известува организациската единица за човечки ресурси, која го евидентира отсуството како искористен ден од годишниот одмор.

(9) Вработена која го дои детето и по изминување на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, која ќе започне да работи со полно работно време, има право на платена пауза во текот на работното време во траење од час и половина дневно во кое време се засметува и дневната пауза. Тоа право вработената го има до наполнета една година возраст на детето."

Член 4

(1) Во член 12 став (1) алинеја 17 и алинеја 18 се бришат.

(2) Во член 12 ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Вработениот во текот на една календарска година, има право на платено отсуство и во следниве случаи:

-Доброволно дарување крв (за секое доброволно дарување на крв) на денот на дарување на крв и 2 (два) последователни работни дена кои не се засметуваат во денови за приватни потреби.

-За учество на вработени во синдикални активности (семинари, конгреси, конференции, спортски натпревари) организирани од страна на САДУ (по претходно доставена Програма од САДУ) следува платено отсуство во деновите на одржување на тие активности, со доставен список на лица кои ќе учествуваат од страна на претседателот на синдикалната организација, и

-Учество на спортските настани или натпревари организирани од европски и светски федерации, како член на државна спортска репрезентација или член на државна спортска делегација во деновите на одржување на тие активности, но не повеќе од 10 работни дена."

(3) Ставот (3) се менува и гласи:

"(3) За користењето на правото на платено отсуство од став (1) и (2) на овој член, вработениот поднесува писмено барање до работодавачот.

(4) По ставот (3), се додаваат 3 нови става (4), (5), (6), кои гласат:

"(4) Отсуството од работа во смисла на став (1) и (2) на овој член се остварува без оглед на барањето на процесот на работа и се користи во деновите на траењето на основот.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, вработениот има право на платено отсуство за секој смртен случај наведен во став (1) независно од вкупно искористените денови за платен одмор во една календарска година.

(6) Вработениот има право на платено отсуство од работа за деновите кога првпат полага испити."

Член 5

По член 23, се додаваат два нови члена "23-а" и "23-б", кои гласат:

"Член 23-а

(1) Платите за административните службеници вработени во Дирекцијата се пресметуваат согласно Законот за административните службеници и одредбите од овој колективен договор.

(2) Платите за вработените лица во Дирекцијата кои вршат должности и овластувања од специфична природа на работните задачи поврзани со раководење, стопанисување и одржување на технолошко индустриските развојни зони, како и вработените лица кои вршат помошни и технички работи кои не се административни службеници (во понатамошниот текст: работници), се пресметуваат согласно општите прописи за работни односи и овој колективен договор во зависност од видот, сложеноста, обемот и квалитетот на извршените работи и задачи, утврдени со Правилникот за систематизација на работни места во Дирекцијата."

Член 23 -б

(1) Основната плата на работниците се определува врз основа на висината на минималната плата, делот на плата за степен на образование, делот на плата за ниво и делот на плата за стаж, а согласно Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата, за работното место за кое работникот склучил договор за вработување.

(2) Основната плата ја сочинуваат:
- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж

(3) Минималната плата е онаа која министерот за економија и труд, ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" согласно со закон.

(4) Делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место се вреднува на следниов начин:

НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРЗОВАНИЕ	БОДОВИ
Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен	56
Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС	31
Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование	11
Ниво на квалификации III или IV, 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, тригодишно или четиригодишно средно образование	2
Ниво на квалификации I - основно образование или ниво на квалификации II - од 60 до 120 кредити според ЕЦВЕТ, стручно оспособување во траење до две години	1

(5) Делот на плата за нивото на кое е распореден вработениот кој не е административен службеник се вреднува на следниов начин:

НИВО:	БОДОВИ:
Главен инженер – Раководител на сектор за планирање и реализација на проекти и припрема на зоните	434

Главен инженер – Раководител на сектор за одобренија за градење и употреба во зоните	434
Главен администратор – Раководител на сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници	434
Помошник главен инженер – Помошник раководител на сектор за планирање и реализација на проекти	331.
Помошник главен инженер – Помошник раководител на сектор за одобренија за градење и употреба во зоните	331.
Помошник главен администратор – Помошник раководител на сектор за експропријација и припрема на зоните	331
Помошник главен администратор – Помошник раководител на сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници за скопски и полошки регион	331
Помошник главен администратор – Помошник раководител на сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници за источен, југоисточен и североисточен регион	331
Помошник главен администратор – Помошник раководител на сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници за југозападен и пелагониски регион	331
Помошник главен администратор – Помошник раководител на сектор за одржување и енергетика	331
Одговорен инженер – раководител на одделение за планирање на проекти	261
Одговорен инженер – раководител на одделение за реализација и следење на проекти	261
Одговорен инженер – раководител на одделение за одржување и заштита во зони	261
Одговорен инженер – Раководител на одделение за енергетика	261
Одговорен инженер – Раководител на одделение за издавање на одобренија за градење	261
Одговорен инженер – Раководител на одделение за издавање на одобренија за употреба	261
Самостоен инженер – советник за планирање	185
Самостоен инженер – советник за следење на изградба на ТИРЗ	185
Самостоен инженер за одржување на градежна инфраструктура и објекти	185
Самостоен инженер за одржување на електрични инсталации	185
Самостоен инженер за електрична енергија	185
Самостоен инженер за снабдување и испорака на природен гас	185

Самостоен инженер – советник за следење на развој на ТИРЗ	185
Самостоен инженер – советник за следење на планска докуметација	185
Самостоен инженер – советник за техничка поддршка при планирање на проекти	185
Самостоен инженер – советник за подготовка на одобренија за градење	185
Самостоен инженер – советник за подготовка на одобренија за употреба	185
Самостоен инженер – советник за подготовка на техничка документација	185
Самостоен инженер – советник за подготовка на техничка документација	185
Самостоен администратор за планирање и изработка на проекти и проектна документација од нетехничка природа	185
Самостоен администратор за следење на реализација на проекти од нетехничка природа	185
Самостоен администратор за односи со корисници	185
Самостоен администратор за изработка и следење на договори	185
Самостоен администратор за експропријација	185
Самостоен администратор за евиденција и контрола	185
Самостоен администратор за ИТ системи	185
Инженер – помошник за подготовка на техничка документција	88
Инженер соработник за следење на издадени одобренија за градење	124
Инженер соработник за следење на издадени одобренија за употреба	124
Одговорен администратор – Раководител на одделение за експропријација и припрема на зоните	261
Одговорен администратор – Раководител на одделение за односи со корисници	261
Одговорен администратор – Раководител на одделение за евиденција и контрола во зони	261
Администратор – соработник за експропријација	141
Администратор – соработник за следење на постапки за експропријација	141
Администратор – помошник за експропријација	88
Администратор – помошник за евиденција на стоки, лица и транспортни срдства во ТИРЗ	88

Администратор – помошник за следење и евидентирање на проток на домашна и странска стока во ТИРЗ	88
Администратор – соработник за документација	141
Администратор –помошникза посредување	88
Контролор во зона	71
Вагар	52,5
Одржувач на комунална хигиена во зоната	52,5
Контролор за безбедност во зони	53,8
Оператор на систем за дистрибуција на природен гас	52,5
Електортехничар - енергетичар	52,5
Возач на Директорот	82,8
Возач	52,5
Работник за давање податоци - информации	52,5
Работник на приемен пулт - пријавница	52,5

(6) Вредноста на бодот за висината на основната плата на работниците е идентична со вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници која секоја година со одлука ја утврдува Владата на Република Северна Македонија.

(7) Делот на плата за работен стаж се вреднува во износ од 0,5 % од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20 % ."

Член 6

(1) Во член 24 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите "и овој Колективен договор."

(2) Во став (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите "и овој Колективен договор."

(3) Во став (3) точка (1), точката и запирката на крајот од реченицата се бришат и се додаваат зборовите "и дополнителни 15 % за вработените од став 1 на овој член од денот на склучувањето на овој колективен договор;"

Член 7

Во член 25 по став (4), се додаваат 3 нови става (5), (6), (7), кои гласат:

"(5) Правото на зголемена плата по основ на работа во смени работникот го остварува само за деновите кога работи во смени организирани со периодично менување во рамките на вкупните 24 часа."

(6) На вработениот му се исплаќа регрес за годишен одмор согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор.

(7) На вработениот во случај на заминување во пензија му се исплаќа двократен износ за отпремнина, пресметан врз основа на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, согласно закон."

Член 8

По член 25 се додава наслов "Надоместоци на плата" и два нови члена "25-а" и "25-б", кои гласат:

"Член 25-а

(1) Вработениот има право на надоместоци на плата за:

1. време на привремена неспособност за работа поради болест и повреда, согласно закон;
2. годишен одмор;
3. оправдано отсуство од работа;
4. време на прекин на работниот процес од причини од страна на работодавачот и виша сила;
5. празници и неработни денови утврдени со закон или друг пропис;
6. дообразование, стручно оспособување и преквалификација, односно доквалификација, согласно со потребите на работодавачот;
7. синдикално образование ;
8. време на отказен рок;
9. во други случаи утврдени со закон и колективен договор;

(2) Во случаите од став 1 на овој член на вработениот му припаѓа надоместок на плата кој се определува согласно закон.

Член 25-б

(1) На вработениот му се исплатува надоместок на плата за времето на привремената неспособност за работа поради болест во висина од:

- 70% од основицата, за привремена неспособност за работа до 7 дена;

- 80% од основицата, почнувајќи од првиот ден на боледување за привремена неспособност за работа до 15 дена;
- 90% од основицата, за период до 30 дена за сите денови; и
- 100% за време на привремена неспособност предизвикана со несреќа на работа, професионално заболување, за време на давање на крв, ткиво или орган, за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство (породилно отсуство) и во други случаи утврдени со закон.

(2) Основица за пресметување на надоместокот на плата од став 1 се определува согласно закон. "

Член 9

Во член 26 по став (1), се додаваат 4 нови става (2), (3), (4), (5) кои гласат:

"(2) Начинот на пресметувањето на висината на надоместоците и примањата од став 1 на овој член ги утврдува Владата сообразно со висината на средствата што за тие намени се издвојуваат со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија.

(3) По исклучок, Вработените лица во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони кои вршат работни задачи во рамките на Технолошко индустриските развојни зони во Република Северна Македонија имаат право на надомест на трошоците за превоз до и од работното место во висина на реалните трошоци за превоз со најевтиното превозно средство од јавниот сообраќај на Република Северна Македонија.

(4) Вработените лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни кои вршат работни задачи во рамките на Технолошко индустриските развојни зони во Република Северна Македонија имаат право на надомест на трошоци за исхрана за време на ноќна работа кои ги опфаќаат нужните трошоци за храна за вработените кои работат ноќна работа.

(5) За начинот и висината на надоместоците од став 3 и став 4 од овој член ќе се донесе посебен правилник."

Член 10

По член 26 се додаваат два нови члена "26-а" и "26-б" , кои гласат:

"Член 26-а

(1) На вработениот му се признаваат дневници за службени патувања во странство согласно со Уредбата за издатоци за службен пат и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.

(2) Начинот на пресметката и износите на издатоците за службени патувања и селидби во странство се пресметуваат согласно Уредбата за издатоци за службен пат и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци и посебен акт на Владата на Република Северна Македонија.

Член 26-б

(1) За потребата и траењето на службеното патување во Републиката и во странство на работниците во Дирекцијата, Директорот или вработениот овластен од него потпишува Решение за службено патување.

(2) За службените патувања на Директорот на Дирекцијата, Решение за службено патување потпишува Претседателот или во негово отсуство Потпретседателот на Управен Одбор, а во исклучителни ситуации при отсуство на Претседателот и Потпретседателот на Управен Одбор ова овластување го има Заменикот Директор на Дирекцијата."

Член 11

По член 27 се додаваат два нови члена "27-а" и "27-б" , кои гласат:

"Член 27-а

Во зависност од степенот на одговорноста на работникот, условите под кои е направена повредата на работните обврски и на работниот ред и дисциплина, поранешната работа и однесување на работникот, тежината на повредата и нејзините последици, Дирекцијата може на работникот да му изрече парична казна, која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење од еден до шест месеца. врз основа на спроведена дисциплинска постапка, согласно Правилник за начинот на водење на дисциплинска постапка за сторена повреда на работните обврски и на работниот ред и дисциплина од страна на помошно-техничките лица во Дирекцијата.

Член 27-б

Надоместокот на плата на вработениот за време на прекин на работниот процес од деловни причини изнесува 70% од неговата плата за период до 3 месеци во тековната година."

Член 12

По член 45 се додаваат четири нови члена "45-а", "45-б" и "45-в" , кои гласат:

"Член 45-а

Вработените кои до денот на влегување во сила на овој договор, се стекнале со правото на вреднување на соодветниот степен на образование во основната компонента на плата – дел на плата за степен на образование продолжуваат да го користат истото право.

Член 45-б

Вработените кои до денот на влегување во сила на овој договор, се стекнале со правото на додаток на плата за степен на кариера, продолжуваат да го користат истото право, односно износот на додатокот за степен на кариера ќе му биде пресметан како дополнителни бодови во платата.

Член 45-в

Вработените со ниво на квалификации VI Б односно стекнати 180 кредити според ЕКТС, кои до денот на влегување во сила на овој договор се стекнале со право бодовите на плата во делот на образование да се вреднуваат со 56 бода, продолжуваат да го користат истото право.

Д-р Гоце Димовски
Дирекција за Технолошки индустриски развојни зони

Благоја Ралповски
Претседател на Синдикатот на САДУ

Габриела Филиповски
Претседател на синдикат на вработените во Дирекција за Технолошки индустриски развојни зони

Бр./Nr. 02-1330/4

07.10.2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23, 59/25, 154/25), 132/26 и 212/26), член 18 став 1 точка 42 од Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Деловникот за работа на Управниот одбор, а во врска точка 3 од Извадок од Нацрт – записникот од четириесет и третата затворена седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 06.10.2026 година со ОУ бр.76/2, Управниот одбор на својата двеста и дванаесета редовна седница на ден 07.10.2026 година донесе:

ОДЛУКА

1. Се одобрува пристапување кон склучување на Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 03-603/1 од 27.03.2026 година согласно точка 3 од Извадок од Нацрт – записникот од четириесет и третата затворена седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 06.10.2026 година со ОУ бр.76/2 од 06.10.2026 година.
2. Се задолжува Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да го потпише Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 03-603/1 од 27.03.2026 година во име на институцијата согласно заклучокот број 3 од точка 3 од Извадок од Нацрт – записникот од четириесет и третата затворена седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 06.10.2026 година со ОУ бр.76/2 од 06.10.2026 година.
3. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Врз основа на утврдената листа на институции согласно точка 87 од Извадокот од Нацрт – записникот од Сто педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 март 2026 година, бр. 57-3044/10 од 26.03.2026, Управниот одбор донесе одлука бр.02-602/10 од 27.03.2026 година со која го задолжи Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да го потпише колективниот договор во име на институцијата.

Колективниот договор е склучен на ден 27.03.2026 година и заверен во архивата на Дирекцијата под бр.03-603/1 од 27.03.2026 година.

На ден 23.04.2026 година од страна на Претседателот на синдикалната организација на САДУ при Дирекција за ТИРЗ Габрила Филиповски доставено е Барање со предлог за измени и дополнувања на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 03-603/1 од 27.03.2026 година.

Со предлогот за изменување и дополнување на Колективниот договор се врши усогласување во системот на плати, од причина што дел од вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, вработени согласно Законот за работни односи, остваруваат

повисоки плати врз основа на интерен правилник за пресметка и исплата на плати и други надоместоци, во споредба со вработените кои имаат статус на административни службеници во рамките на истата институција.

Наведените разлики и неправилности се утврдени во рамки на извршената ревизија од страна на Државниот завод за ревизија и се констатирани во делот „Писмо до раководството" каде е наведено дека за вработените кои вршат должности и овластувања од специфична природа како и вработените кои вршат помошно-технички работи и не се административни службеници се применува Законот за работните односи и за нив во 2023та година од страна на Управниот одбор на Дирекцијата е донесен Правилник за пресметување и исплата на плати и други исплати иако остварувањето на вработените треба да се уредуваат со закон и колективен договор. Во исто време утврдено е и дека со Правилникот за вработените кои не се државни службеници предвидени се повисоки бодови за ниво во однос на вработените со статус на административни службеници чии бодови се утврдени во член 87 од Законот за административни службеници. Наведената состојба влијае на создавање на невоедначен третман и разлики во платата на вработените на исто ниво но со различен статус.

Врз основа на наодите и препораките содржани во Извештајот на Државниот завод за ревизија, како и со цел натамошно усогласување на внатрешната правна рамка со уставно-правните принципи и законската регулатива од областа на работните односи и системот на плати, се наметнува потреба прашањата поврзани со платите на вработените кои немаат статус на административни службеници да бидат уредени на единствен и конзистентен начин преку колективно договарање.

Во таа насока, како и со цел усогласување на внатрешната правна рамка со применливата законска регулатива и унапредување на правната сигурност, воспоставување на еднакви критериуми за утврдување на платите во рамките на институцијата, како и зајакнување на правната предвидливост и еднаквата примена на правилата во работноправните односи Дирекцијата за ТИРЗ изготви Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 03-603/1 од 27.03.2026 година истиот го усогласи со мислењата на Министерството за финансии и го достави на одобрување во Владата на Република Северна Македонија.

Согласно точка 3 заклучок 2 и 3 од Извадок од Нацрт – записникот од четириесет и третата затворена седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 06.10.2026 година со ОУ бр.76/2 се дава согласност на предлог текстот на Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 03-603/1 од 27.03.2026 година и се овластува раководното лице на Дирекцијата истиот да го потпише.

Врз основа на горенаведеното Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател на Управен одбор
Виолета Самарџиска

ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА

1-2

Влада на Република Северна Македонија

07.10.2026

03 1219/2

Примерок број 2
Страници вкупно 2

Скопје, 6 октомври 2026 година
ОУ.бр. 76/2

До
Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони
Скопје

ИЗВАДОК
од Нацрт – записникот од Четириесет и третата затворена седница
на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 6 октомври 2026 година

ТОЧКА 3: Информација за склучување на Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.03-603/1 од 27.3.2026 година

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.03-603/1 од 27.3.2026 година и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за склучување на Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.03-603/1 од 27.3.2026 година, со заклучок Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ги земе предвид усно изнесените забелешки на секретарот на Секретаријат за законодавство по предлог текстот на Колективниот договор.

2. Се дава согласност на предлог текстот на Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.03-603/1 од 27.3.2026 година.

ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА

3. Се овластува раководното лице на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да го потпише Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.03-603/1 од 27.3.2026 година.

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Игор Јанушев

Подготвил: м-р Стефан Куковски, помошник раководител на сектор